Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4810 | 1 | |

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4781/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

во 15:19

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4781/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4781/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор(мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4781/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-4781/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека согласно наведениот член 75-б од Изборниот законик „известувањето за работата на државните органи, органи на општини и на град Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања ... не смее да биде во функција на изборно претставување“. Во програмата на овој радиодифузер во мониторираниот период се забележани по овој законски основ 13 прекршувања.

Така, во Дневникот во 19 часот емитуван на 22 септември, претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ говори за остварувањата на Владата во областа на здравството („2.500 лица медицински лица досега биле на доедукација...“). Во истиот ТВ Дневник во прилогот „Јавна расправа за мерките за финансирање на спортот“ јавни функционери од областа на спортот го истакнуваат уделот на претседателот на партијата Никола Груевски во развојот на спортот и мерките кои се преземаат, а во истиот ТВ Дневник Никола Груевски говори за мерките на Владата „Годинава 142 корисници на мерката млад земјоделец“.

Во ТВ Дневникот од 19 часот емитуван на 23 септември, каде говори дополнителниот заменик за земјоделство Љупчо Николовски за мерки во ветерината тој е идентификуван како партиски кадар на СДСМ, па прикажаната вест може да се идентификува како партиска, со мешање на функции.

Во ТВ Дневникот од 19 часот емитуван на 24 септември дадени се три посебни прилози од посетата на претседателот на партијата Никола Груевски на Куманово. Во првиот прилог („Груевски отвори тениски терени во Куманово") споменатиот во присуство на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски и директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Тасески, говори за тоа што се е направено и ќе се направи во сферата на спортот. Вториот прилог насловен како „Груевски: Годинава изградба на ургентен центар во Куманово", во присуство на министерот за транспорт и врски претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ говори за издвоените пари од буџетот за здравството во овој град. Во третиот прилог насловен како „Градоначалникот на Куманово ги кочи проектите за изградба на канализација во Романовце  и водовод во Пчиња" Никола Груевски објаснува дека договориле со министерот за транспорт и врски „да се обезбедат со новата програма средства за проектите" и тоа на начин преку кој „би се заобиколил градоначалникот на Куманово", односно со користење на „друга институционална можност".

Во ТВ Дневникот од 19 часот на 25 септември емитувани се два слични прилози. Изградбата на спортска сала на ОУ „Кирил и Методиј", со присуство на претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ објаснува дека имаме спој на државни пари со партиски програми, додека во вториот прилог  („1.500 нови работни места") говори за резултатите на овој план и за програмите на својата партија.

Во ТВ Дневникот од 20 часот емитуван на 29 септември имаме два прилога во кои претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ ги поврзува државните активности со партиските ветувања  („Студентите месечно заштедуваат по 400 илјади евра на бесплатниот градски превоз" и „Ноемвриските пензии ќе бидат зголемени за 5 отсто"). Претседателот на партијата така најави зголемени пензии што може да биде изјава само на овластен државен орган.

Во ТВ Дневникот од 19 часот емитуван на 30 септември претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ најавува владини мерки („Од следната недела стартуваат мерки за кредитирање на малото стопанство и вработувања") или се констатира задоволство од тоа како власта ги следи партиските програми („Груевски задоволен како се реализира програмот предвиден од порано како партиска мерка").

Во ТВ Дневникот од 19 часот на 1 октомври, во прилогот „Груевски е задоволен што почна да се реализира проектот, кој од порано бил предвиден во партиската програма", се врши поврзување на владината мерка со партијата.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека со наведените прилози постои прекршување по основ на член 75-б од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Љубомир Костовски ____________________
3. Горан Трпеноски ____________________